**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-1318/2**
**07.08.2018 година**
**Д е л ч е в о**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната 12. седница на Советот на Општина Делчево**

Седницата се одржа на ден 14.08.2018 година (вторник), во фоајето на Спомен домот АСНОМ со почеток во 14.00 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Вице Стоиловски
7. Кирил Тренчевски
8. Ванчо Велиновски
9. Катица Трајкова Тасева
10. Славица Димитрова
11. Сашко Јовановски
12. Дијана Јосифовски
13. Билјана Ѓеоргиевски
14. Кристи Стојковски
15. Николчо Ситновски

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски-претседател на Советот на Општина Делчево, кој за седницата го предложи следниот дневен ред

**Дневен ред**

-Усвојување на Записникот од Единаесеттата седница на Советот на Општина Делчево

1.Квартален извештај за извршувањето на Буџетот со Заклучок за усвојување;

2.Одлука за проширување на средствата во буџетот на Општина Делчево за 2018 година.

**Образлагач**: По точките 1 и 2-Анка Христова-Раководител на Одделението за финансирање и буџет.

3.Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект „Изградба на улици во населба Басарица, ул. "СвТроица", „Киселичка", „Бигланска", „Драмечка", „Басаричка" и „Селничка„;

4.Предлог-Одлука за утврдување на намена на инвестицијата „Изградба на улици во населба Басарица, ул. "СвТроица", „Киселичка", „Бигланска", „Драмечка", „Басаричка" и „Селничка„;

5.Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект Фекална канализација што поминува низ дел од населба „Басарица" и дел од постојна населба покрај Локален пат Л-2 Делчево-с.Киселица-с. Вратиславци-Општина Делчево;

6.Предлог-Одлука за утврдување на намена на инвестицијата Фекална канализација што поминува низ дел од населба „Басарица" и дел од постојна населба покрај Локален пат Л-2

Делчево-с.Киселица-с. Вратиславци-Општина Делчево;

**Образлагач:** По точките 3, 4,5 и 6-Тони Стоименовски-Советник за поддршка на ЛЕР.

7.Предлог-Решение за разрешување на членови во Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево, претставници на Советот на родители;

8.Предлог-Решение за именување на членови во Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево, претставници на Советот на родители;

**Образлагач**:По точките 7 и 8 Драган Маневски-Претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

9.Предлог-Одлука за давање на согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;

10.Предлог-Одлука за давање на согласност на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево за обезбедување престој и исхрана за деца над 6 години;

**Образлагач:**По точките 9 и 10- Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

11.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект за селско стопанство по барање на Миле Јовановски;

12.Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект-кочина за одгледување на свињи по барање на Миле Јовановски;

13.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена луќа по барање на Горанчо Богдановски;

14.Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт-ДУП за Урбана единица 2, дел од блок 2.7 „Централно градско подрачје-плански период 2015-2019 Општина Делчево;

15.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа на Ѓорги Радисавов;

16.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Ванчо Николов;

17.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа на Благојчо Стојановски;

18.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа на Љупчо Мицевски;

19.Предлог-Одлука за измена на Програмата за урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2018 година;

**Образлагач:** По точките 10, 11,12,13,14,15,16,17,18 и 19 Горан Петровски-Советник за урбанизам.

20.Предлог-Одлука за согласност за формирање паралелки со помал број на ученици во СОУ „М.М.Брицо"-Делчево.

**Образлагач**: Љупчо Прачкоски-Директор на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево.

21.Предлог-Одлука за доделување на општинска награда 7 Септември за 2018 година.

**Образлагач:** Драган Маневски-Претседател на Комисијата за доделување на општински награди и признанија.

Во врска со предложениот дневен ред, претседателот на Советот истакна дека до него е доставен предлог од Комисијата за урбанизам, за симнување на точката под реден број 14 Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт-ДУП за Урбана единица 2, дел од блок 2.7 „Централно градско подрачје-плански период 2015-2019 Општина Делчево и му даде збор на Дејан Георгиевски-претседател на Комисијата за урбанизам.

Дејан Георгиевски-претседател на Комисијата за урбанизам рече ги информираше членовите на Советот дека комисијата одржала состанок со дел од жителите на ул. „Крушевска", со дел од инвеститорите и претставници на Одделниeто за урбанизам. На состанокот на Комисијата имало различни дискусии и предлози, како и различни мислења.

Членовите на Комисијата побарале увид во целокупната документација во врска со овој предмет и бил донесен Заклучок за симнување на оваа точка од Дневен ред поради меѓусебните недоразбирања и несогласувања, а истата ќе биде ставена на дневен ред на некоја наредна седница кога ќе биде постигнато решение прифатливо и за двете страни.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред и за збор се јави Николчо Ситновски кој рече дека на оваа седница на Советот на Општина Делчево сака да ја објави неговата одлука.Имено,од денеска во составот на Советот ќе функционирам како независен советник. Оваа моја одлука ја носам по сопствено убедување и сметам дека мојата независна функција во Советот ќе биде во прилог на интересите на моите сограѓани.Ја користам оваа прилика да се заблагодарам на досегашните коалициони партнери на досегашната соработка, истакна Н.Ситновски.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на гласање Дневниот ред со измената-точката 14 да се симне од дневен ред.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои Дневниот ред за 12 седница на Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 11.седница на Советот на Општина Делчево.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а записникот од 11.седница ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 11.седница

**Прва точка-Квартален извештај за извршувањето на Буџетот со Заклучок за усвојување;**

Образложение по точката поднесе Анка Христова-Раководител на Одделениeто за финансирање и буџет, која рече дека Извршувањето на буџетот на општина Делчево за вториот квартал 2018 година, изнесува 40% односно од вкупно планираните 282.840.400 ден.приходи за вториот квартал се реализирани 114.548.092 денари.Од нив, во основниот буџет, од планирани 103.119.000 реализирани се 38.743.621 ден. или 37,5%.

Во буџетот на дотации од планирани 134.859.400 приходи реализирани се 63.015.706 или 46,7%, во буџетот на донации од планирани 23.455.000 реализирани се 8.431.497 ден.или 36% и во буџетот на самофинансирачки активности од планирани18.407.000 реализирани се 4.357.268 денари, или 24%.

При анализата на основниот буџет се гледа дека: даночните приходи се наплатени во износ од 13.892.951 ден. од вкупно планирани 35.859.000 ден. или 39%, најголема наплата е наплатата од даноци на имот и тоа во износ од 5.366.896, од даноци од специфични услуги во износ од 7.264.609 ден. (- комунална такса за истакната фирма,428.500 ден., ком.такса за одржување на јавното осветлување во износ од 4.977.763 ден., 48,56%, комун.такса за користење на улици со патнички и товарни моторни возила што се плаќа при регистрација

околу 456.912 денари,  за надоместок за уредување на град.неизгр. земјиште во износ од 1.185.594 ден. и др.помали износи на комунални такси).

Неданочните приходи се наплатени во износ од 749.927. ден., од вкупно планирани 5.677.000 ден. (13,2%) и тоа се приходи од административни такси и надоместоци.

Капиталните приходи се наплатени во износ од 11.203.737 ден. од вкупно планирани 18.409.000 ден.или 61% а тоа се приходите од продажба на земјиште во износ од 1.199.467, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини 169.730 ден. , надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-легализација во износ од 571.038 ден.

Трансферите од други нивоа на власт се реализирани во износ од 22.036.047 ден. од вкупно планираните 58.623.000 или 37,6% и тука спаѓаат средствата добиени по основ на дотации на општината од приходи од ДДВ 12.897.006 ден., како и трансфери од други нивоа на власт и трансфери од буџетите на фондовите во износ од 9.139.041 ден.

Вкупните расходи се планирани во износ од 282.840.400 ден. во ист износ како и вкупните приходи при што е запазено буџетското правило за рамнотежа. Од нив се реализирани 105.205.958 ден. или 37%.

Ако го анализираме основниот буџет ќе видиме дека од вкупно планирани 103.119.000 ден. реализирани се 32.724.930 ден.или 32%.

На групата 40 реализирани се 11.924.141 ден. од вкупно планирани 24.259.500 ден. во нив влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци.

Платите и придонесите  од плати се реализирани во износ од 10.219.400 ден. од планирани 21.359.500 денари или 48%.

На групата 42 реализирани се 7.239.116 ден. од вкупно планирани 24.930.500 или 29%,  (патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, горива и масла, канцелариски материјали, поправки и тековно одржување,одржување на улици и патишта, услуги за обезбедување, договорни услуги и други расходи).

На група 46 планирани се 3.060.000 од кои се реализирани 1.211.766 ден.( до здруженија на граѓани  102.500 и до сп.клубови 149.000, трансфери до политички партии 276.285 ден.стипендии за ученици и студенти 436.000 ден., плаќање по судски решенија 111.199 и трансфери при пензионирање 136.782 ден.или 39,6%).

На група 47 од планирани 700.000 ден. реализирани се 412.000 ден.( новороденчиња 169.000 и 243.000 ден. еднократна парична помош).

И на крајот во група 48 влегуваат капиталните расходи кои се реализирани во износ од 11.890.863 ден. од планираните 48.892.000 и најголем дел од нив се исплатени за реконструкција на улици и патишта во износ од 10.119.861 ден.за реконструкција на патот Делчево **Делчево-Вратиславци-Очипала,** потоа за проекти на улици и патишта 1.286.349, подготвување на проекти за други објекти 252.098, надомест за одземен имот 136.188, и купување на опрема 96.367 ден.

Во посебниот дел, по програми се гледа реализацијата на буџетот, доколку има прашања, повелете, рече А.Христова.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Кирил Тренчевски кој праша колкава е реализацијата на тековно-оперативните приходи од самофинансирачки активности бидејќи во Извештајот стои  4.357.268, а Вие рековте 1 милион денари?

А.Христова рече дека самофинансирачките активности во 2 квартал се реализирани во износ  4.357.268.

Билјана Ѓеоргиевска праша дали според реализацијата на капиталните расходи во 2 квартал Буџетот е развоен и колку изнесува во проценти реализацијата на капиталните расходи?

А.Христова рече дека таа истакнала дека во проценти реализацијата на капиталните расходи во овој квартал е 26% и детално образложила за што се потрошени тие средства.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА", 4 „ПРОТИВ" и 2 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2018 година.

**Втора точка-Одлука за проширување на средствата во буџетот на Општина Делчево за 2018 година.**

Образлагач и по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за финансирање и буџет, која истакна дека оваа одлука се однесува на проширување на средства во Буџетот на општина Делчево по барање на ЈЛБ „Илинден"-Делчево, а се однесуваат за исплата на плата на лице ангажирано за работа/замена на вработена која користи породилно отсуство.Средствата се од сиопствената сметка на библиотеката.

Претседателот отвори расправа почката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА" и 6 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за проширување на средствата во буџетот на Општина Делчево за 2018 година.

**Трета точка-Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект „Изградба на улици во населба Басарица, ул. "СвТроица", „Киселичка", „Бигланска", „Драмечка", „Басаричка" и „Селничка„;**

Образложение по оваа точка поднесе Влатко Мицевски кој истакна дека оваа одлука се однесува на утврдување на приоритет на проект „Изградба на улици во населба Басарица, ул. "СвТроица", „Киселичка", „Бигланска", „Драмечка", „Басаричка" и „Селничка". Оваа одлука е потребна како прилог кон апликацијата којашто ќе биде подготвена од страна на Општина Делчево за аплицирање до Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот разво по Мерка 322 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година: *2.* Инвестиции за изградба и/или реконструкција на улици во населени места во руралните средини (вклучително и атмосферска канализација и пешачки елементи) во должина до 1км.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Дејан Ѓеоргиевски кој праша дали може да се достави скица за овие улици, а Билјана Ѓеоргиевска праша колку ќе чини овој проект?

Сашко Ивановски праша дали со изградбата на овие улици е опфатена целата населба „Басарица"?

Влатко Мицевски рече дека може да се достави скица од страна на Одделението за урбанизам, а вкупната вредност на проектот не може да ја каже бидејќи се уште не е готова апликацијата за проектот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на приоритет на проект „Изградба на улици во населба Басарица, ул. "СвТроица", „Киселичка", „Бигланска", „Драмечка", „Басаричка" и „Селничка".

**Четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на намена на инвестицијата „Изградба на улици во населба Басарица, ул. "СвТроица", „Киселичка", „Бигланска", „Драмечка", „Басаричка" и „Селничка„;**

И оваа точка ја образложи Влатко Мицевски кој рече дека истата се однесува на намена на инвестицијата за учиците кои беа спомнати со претходнната одлука.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на

намена на инвестицијата„Изградба на улици во населба Басарица, ул. "СвТроица", „Киселичка", „Бигланска", „Драмечка", „Басаричка" и „Селничка".

**Петта точка-Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект Фекална канализација што поминува низ дел од населба „Басарица" и дел од постојна населба покрај Локален пат Л-2 Делчево-с.Киселица-с. Вратиславци-Општина Делчево;**

Точката ја образложи Влатко Мицевски кој истакна дека и оваа точка се однесува на утврдување на приоритет, но се однесува на проект Фекална канализација што поминува низ дел од населба „Басарица" и дел од постојна населба покрај Локален пат Л-2 Делчево-с.Киселица-с. Вратиславци-Општина Делчево. Проектот се аплицира до Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развo по Мерка 321 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година 3.Инвестиции во водоснабдителни и канализациони системи во населени места во рурални средини.

Претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА" Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на приоритет на проект Фекална канализација што поминува низ дел од населба „Басарица" и дел од постојна населба покрај Локален пат Л-2 Делчево-с.Киселица-с. Вратиславци-Општина Делчево

**Шеста точка-Предлог-Одлука за утврдување на намена на инвестицијата Фекална канализација што поминува низ дел од населба „Басарица" и дел од постојна населба покрај Локален пат Л-2 Делчево-с.Киселица-с. Вратиславци-Општина Делчево.**

Оваа точка се однесува на утврдување на намена на инвестицијата Фекална канализација што поминува низ дел од населба „Басарица" и дел од постојна населба покрај Локален пат Л-2 Делчево-с.Киселица-с. Вратиславци-Општина Делчево и истата е потребна како придружен документ на апликацијата, истакна В.Мицевски.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на намена на инвестицијата Фекална канализација што поминува низ дел од населба „Басарица" и дел од постојна населба покрај Локален пат Л-2 Делчево-с.Киселица-с. Вратиславци-Општина Делчево.

**Седма точка-Предлог-Решение за разрешување на членови во Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево, претставници на Советот на родители;**

Точката ја образложи претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, кој истакна дека од страна на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево е доставено Барање до Советот на Општина Делчево за разрешување на членовите на УО од страна на Советот на родители и именување на нови. Имено, досегашните членови Александра Ивановска и Стефанија Атанасовска Јовановски, побарале да бидат разрешени од лични причини. Затоа е изготвено Решение за нивно разрешување.

По оваа точка беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Решението за разрешување на членови во Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево, претставници на Советот на родители;

**Осма точка-Предлог-Решение за именување на членови во Управниот одбор**

**на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево, претставници на Советот на родители;**

Образлагач и по оваа точка беше Драган Маневски-Претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања кој истакна дека од страна на ОЈУДГ „Весели Цветови" се доставени нови предлози за членови на УО од страна на Советот на родители и тоа:Елена Михаилова и Билјана Стојковска.

Беше отворена расправа и по оваа точка бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на членови во Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево, претставници на Советот на родители.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за давање на согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;**

Оваа точка ја образложи Билјана Симовска директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево која истакна дека согласно член 64 од Законот за заштита на децата и поради зголемениот интерес за запишување на деца во Детската градинка таа како директор доставила барање до Советот на Општина Делчево за давање на согласност за формирање на групи со поголем број на деца од законски предвидениот. Во прилог на барањето исто така е доставена и Табела во кој може да се види бројот на групите и бројот на деца за секоја група, и се надевам дека Советот на Општина Делчево ќе ни даде согласност за да формираме групи со поголем број на деца, истакна Б.Симовска.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој ја праша директорката колку деца се на листа на чекање моментално?

Таа одговори дека 127 дечиња се на Листа на чекање.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање на согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за давање на согласност на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево за обезбедување престој и исхрана за деца над 6 години;**

Образлагач и по оваа точка Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево која истакна дека водејќи се пред се од законските прописи, насоките на Министерството и потребата на родителите, како и нашата спремност како градинка да одговориме на овој предзизвик, до Советот доставивме барање со кое бараме да ни дадете согласнот за обезбедување престој и исхрана на деца над 6 години.Ова го бараме бидејќи согласно член 57, став 2 од Законот за заштита на децата детска градинка може да обезбедува престој и исхрана и за деца над шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст. Затоа бараме од Советот на Општина Делчево согласност за 20 деца кои ќе бидат згрижени во нашиот стар објект и за нив ќе биде обезбеден престој и храна за што ќе биде ангажиарана воспитувачка од Детската градинка.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој праша за колку деца се работи, детално да се образложи за која категорија на деца станува збор и дали се знае времето на престојот.

Б.Симовска рече дека таа кажала во образложението дека се работи за група од 20 деца над 6 години, а времето не се знае бидејќи зависи од часовите на децата, дополнително ќе се утврди тоа и ќе се знае.

Билјана Ѓеоргиевска праша дали се знае цената за услугата (престојот и исхраната)?

Б.Симовска истакна дека во 2003 година Детската градинка има донесено Правилник во кој цената за целодневен престој е 1490 денари, но не е проблем во консултации со родителите на децата и управниот одбор да се утврди дополнителна/друга цена.

Сашко Ивановски ја праша директорката дали сите тие работи се усогласени со директорите на двете основни училишта, а директорката рече дека се усогласени.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор за оваа точка, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање на согласност на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево за обезбедување престој и исхрана за деца над 6 години.

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект за селско стопанство по барање на Миле Јовановски**;

Образложение по точката поднесе Горан Петровски кој рече дека оваа точка се однесува на утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект за селско стопанство по барање на Миле Јовановски. Станува збор за помошен објект за селско стопанство кој се наожа во КО Ѕвегор.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект за селско стопанство по барање на Миле Јовановски;

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект-кочина за одгледување на свињи по барање на Миле Јовановски;**

И оваа точка ја образложи Г.Петровски кој истакна дека се однесува на истото лице, Миле Јовановски, а објектот е кочина за одгледување на свињи.

Беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање. Со 15 гласа „ЗА", советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект-кочина за одгледување на свињи по барање на Миле Јовановски.

**Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена луќа по барање на Горанчо Богдановски;**

Образложение по точката поднесе Горан Петровски кој рече дека оваа точка се однесува на утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански -станбена куќа на лицето Горанчо Богдановски.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор,

расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена луќа по барање на Горанчо Богдановски;

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа на Ѓорги Радисавов;**

Точката ја образложи Горан Петровски кој рече дека оваа одлука се однесува за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа на Ѓорги Радисавов. Станбената куќа се наожа во с.Град.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА" беше усвоена и оваа точка- Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа на Ѓорги Радисавов.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Ванчо Николов;**

Образложение поднесе Горан Петровски кој рече дека оваа одлука се однесува на утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Ванчо Николов.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА" беше усвоена и оваа точка- Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа на Ванчо Николов.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа на Благојчо Стојановски;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.
Со 15 гласа „ЗА" беше усвоена и оваа точка- Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа на Благојчо Стојановски.

**Седуманесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа на Љупчо Мицевски**;

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА" беше усвоена и оваа точка- Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа на Љупчо Мицевски.

**Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука за измена на Програмата за урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2018 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам кој рече дека оваа одлука се однесува на потреба од измена на Програмата за урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2018 година. Се работи за тоа што во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2018 донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр. 09-144/1 од 30.01.2018 година се врши следната измена:

Точката 1 која во Програмата гласи:**Довршување на Деталeн урбанистички план-лесна индустрија и сервиси на м.в. „Стар Монопол" Делчево-дел од блок 2.6, урбана единица 2 со граници:**

-Дел од улица Маршал Тито" кон југ од спој со ул. "Крушевска" на север на опфат кон југ до спој со северозападна страна на ендек (источни граници на к.п. бр.8761/4, к.п. бр.8761/2, к.п. бр.8764, к.п. бр.8766, к.п. бр.8715), кон североисток до осовина на ул. „Крушевска" (новопроектирана Сервисна улица согласно ГУП, делумно изведена).

-По осовина на ул.„Крушевска"(новопроектирана Сервисна улица согласно ГУП, делумно изведена) кон северозапад до спој со ул.„Маршал Тито", осовина на ул. „Маршал Тито"-југозападна страна, **<u>целосно се менува и истата треба да гласи:</u>**

**1.Детален урбанистички план-Лесна индустрија и сервиси на м.в. „Стар монопол"-Делчево-дел од блок 2.6 урбана единица 2, површина 5.08 ха, со граници:**

-По осовина на ул.„Маршал Тито"-југозападна страна;

-По граници на к.п. бр.8761/4, к.п. бр.8761/2, к.п. бр.8764, к.п.бр.8766-југоисточна страна;

-По осовина на ул. „Крушевска" (новопроектирана Сервисна улица согласно ГУП, делумно изведена)-северна страна.

Постапката за овој план е по стариот закон од 2005 година, но поради непочитување и пробивање на некои рокови, во консултација со Министерството за транспорт и врски ни беше кажано дека целата постапка треба да се повтори со измената која ја спомнав во образложението, истакна Г.Петровски.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на Програмата за урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2018 година.

**Деветнаесетта точка-Предлог-Одлука за согласност за формирање паралелки со помал број на ученици во СОУ „М.М.Брицо"-Делчево.**

Образлагач по оваа точка беше Љупчо Прачкоски-Директор на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево, кој истакна дека веќе неколоку години училиштето се соочува со сериозен проблем околу бројот на ученици кои се запишуваат во прва година. И во првиот рок, а како и секоја година и во вториот се запишуваат мал број на ученици со што се доведува во прашање бројот на часовите на некои наставници. Од страна на училиштето е поднесено барање и до МОН за добивање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици од законски утврдениот. Во првиот уписен рок во гимназиско образование се запишале 66, се очекува во вториот уписен рок 21. Во текстилно-кожарска 8 ученици, а во хемиско-технолошка 6. Од тие причини бараме како совет да ни дадете согласност за формирање паралелки со помал број на ученици од законски утврдениот. Во прилог на Барањето имаме доставено и табеларен преглед, истакна директорот Прачкоски.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој праша колку вкупно ученици се запишани во Прва година?

Љ.Прачкоски рече дека на 23 август има втор уписен рок и се очекува околу 7-8 ученици, вкупно би биле 139 по 17 во секоја паралелка.

Влатко Величковски го праша директорот дали има мало зголемување на бројот на учениците во Прва година, споредено со претходни години?

Директорот истакна дека за 9-10% има зголемување на бројот, но сепак бројот на ученици кои се запишуваат во Прва година е мал и тоа е сериозно прашање со кое треба да се занимаваат сите релевантни субјекти.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за согласност за формирање паралелки со помал број на ученици во СОУ „М.М.Брицо"-Делчево.

**Дваесетта точка-Предлог-Одлука за доделување на општинска награда 7 Септември за 2018 година.**

Образлагач по оваа точка беше Драган Маневски-Претседател на Комисијата за доделување на општински награди и признанија кој истакна дека согласно Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево бр.09-166/1 од 30.01.2018 година беше формирана Комисија за доделување на општински награди и признанија која објави конкурс за доделување на општинската награда 7 Септември. Конкурсот траел еден месец и на него се пријавени 6 кандиадти. Имајќи предвид дека оваа награде се доделува првпат и дека фондот на пари е 20.000 денари, а се уште нема утврдени посебни критериуми, Комисијата донела Одлука оваа година наградата да биде доделена на сите 6 подносители и тоа:

1. Горан Велков за особени постигнувања од областа на спортот;
2. Виолета Арсова за особени постигнувања во областа на здравствената заштита;
3. Кристина Петровиќ за особени постигнувања во областа на образованието;
4. Љупчо Стојчевски за особени постигнувања во областа на спортот;
5. Андреј Илиевски Волкашин за особени постигнувања во областа на филмската уметност;
6. Петар Атанасовски-Пепи за особени постигнувања во областа на ликовната уметност

Општинската награда 7 Септември се состои од парична награда во износ од 3.000 денари за секој кандидат и плакета и истата ќе биде доделена на 7 Септември 2018 година, рече претседателот на Советот.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на општинска награда 7 Септември за 2018 година.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 12.седница на советот заврши со работа во 15.30 часот.

**Записникот го водела**

**Снежана Трајкова**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**Претседател,**

**Драган Маневски**